## ПРАВИЛА НА ПРОМОЦИЈА „Samsung Galaxy Watch4 Classic и Samsung Galaxy Watch4“

Пред пријавувањето за учество во конкретната промоција, Ве молиме прочитајте ги овие Правила (во натамошниот текст: "**Правилата**"):

### 1. ЦЕЛ, ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОМОЦИЈАТА, УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Samsung Electronics Austria GmbH, Пратерстрассе 31/14, 1020 Виена, Република Австрија (во натамошниот текст: „**Samsung**“), организира промоција наречена "Samsung Galaxy Watch4 Classic и Samsung Galaxy Watch4", во која подарува две ремчиња за Samsung Galaxy Watch, имено Hybrid Leather Band ремче во сенф боја и Extreme Sport Band ремче во бела боја (во натамошниот текст заедно како: „**Подарок**“).

Сите приватни и деловни корисници како крајни корисници, со живеалиште односно седиште на територија на Република Северна Македонија, кои за време на промотивниот период од 27 август 2021 година до 10 септември 2021 година или додека не се истроши залихата подароци за оваа промоција, ќе купат уред Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4, ќе добијат две ремчиња од Samsung Galaxy Watch по пошта (без трошоци за испорака), исклучиво од еден од продажните партнери на Samsung наведен во овие Правила, имено Hybrid Leather Band ремче во сенф боја и Extreme Sport Band нараквица ремче во бела боја.

Клиентите кои го купиле Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4, исклучиво во горенаведениот период, треба да се регистрираат во Samsung преку следната веб -страница со цел да учествуваат во оваа промотивна кампања, односно заради стекнување право на Подарок: https://www.samsung.com/mk/offer/the-perfect-detail-for-any-style Пријавата треба да се поднесе најдоцна до 30 септември 2021 година. Денот на испорака на конкретниот уред Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4 до индивидуален краен корисник зависи од продажниот партнер на Samsung од кој е купен уредот.

Испораката на Подароци до крајните корисници кои се пријавиле во согласност со овие Правила ќе се изврши најдоцна до 30 октомври 2021 година на адресата дадена од корисникот за време на регистрацијата.

За да имате право да учествувате во оваа промоција, треба да купите Samsung Galaxy Watch 4 Classic или Samsung Galaxy Watch 4 исклучиво од еден од следните продажни партнери на Samsung:

- Македонски Телеком АД Скопје,
- А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
- Нептун Македонија д.о.о. Скопје,
- Сетек сѐ од техника д.о.о.е.л. ,
- Техномаркет Македонија ДООЕЛ – Скопје,

### 2. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОМОЦИЈАТА

За да може корисникот да има право на Подарок, потребно е да поднесе пријава во согласност со овие Правила.

Пријавата мора да се поднесе преку формуларот за пријавување лоциран на следниот линк: https://www.samsung.com/mk/offer/the-perfect-detail-for-any-style

Процесот на пријавување вклучува внесување на податоци потребни за успешна пријава.

Покасно поднесените пријави ќе бидат автоматски одбиени.

Со испраќање податоци или пријавување за учество во оваа промоција, корисникот потврдува дека е запознаен со овие Правила.

Податоците кои ќе бидат собрани со цел учество во промоцијата и испорака на Подарок, се следните:

- име и презиме на корисникот,
- адреса на електронска пошта на корисникот
- телефонски број на корисникот
- точната домашна адреса на корисникот (за доставата на подарокот),
- IMEI број и сериски број на купениот уред Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4,
- приказ (скен) од фискалната сметка или потврда за испорака на купениот уред Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4,
- името на продажниот партнер од каде е купен уредот Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4.

Со кликање на копчето за испраќање на податоците, корисникот ги поднесува податоци до Samsung, кој е должен да провери дали внесените податоци се во согласност со овие Правила.

Доколку податоците внесени за време на пријавата се во согласност со овие Правила, Корисникот ќе добие Подарок на начин и во времето одредено во овие Правила.

**НАПОМЕНА:**

**Правото на Подарок ќе го користи исклучиво лицето кое прво ќе поднесе успешна и комплетна пријава во согласност со овие Правила. Дополнителните пријави нема да бидат земени предвид за остварување на правото на Подарок.**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Процесот на пријавување за учество во конкретната промоција вклучува доставување лични податоци на корисници неопходни за успешна пријава.

Личните податоците кои ќе бидат собрани со цел учество во промоцијата и испорака на Подарок, се следните:

- име и презиме на корисникот,
- адреса на електронска пошта на корисникот
- телефонски број на корисникот
- точната домашна адреса на корисникот (за доставата на подарокот),
- IMEI број и сериски број на купениот уред Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4,
- приказ (скен) од фискалната сметка или потврда за испорака на купениот уред Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4,
- името на продажниот партнер од каде е купен уредот Samsung Galaxy Watch4 Classic или Samsung Galaxy Watch4.

Личните податоци на корисникот ќе се собираат и обработуваат во согласност со правилата за приватност и заштита на личните податоци на Samsung наведени подолу и во согласност со овие Правила, како и во согласност со релевантните прописи на Република Северна Македонија за заштита на личните податоци.

Целта на собирањето на личните податоци на корисници е проверка на исполнувањето на условите за учество во конкретната промоција и да се утврди адресата на корисникот за испорака на Подарокот.

Со внесување на своите лични податоци на начинот наведен и во согласност со Правилата на наведената промоција, корисникот (учесник во наведената промоција) потврдува дека е свесен дека подружница Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ Белград и подизведувачите ќе собираат и обработуваат лични податоци за учество во конкретната промоција и испорака на Подароци.

Корисникот (учесникот во наведената промоција) исто така потврдува дека е запознаен со Правилата за приватност на Samsung, во прилог, како и дека е свесен дека Samsung ќе ги обработува собраните лични податоци на корисникот (учесник во наведената промоција) во согласност со Правилата за приватност.

Со пријавување за учество на оваа промоција, односно со внесување на своите лични податоци на начин утврден и во согласност со Правилата за наведената промоција, корисникот (учесник во наведената промоција) исто така потврдува дека е запознаен со следново:

- дека контролорот на личните пдоатоци е подружница Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ Белград, Омладинских бригада 90В, Белград, Република Србија,

- дека во случај клиентот да одлучи да не ги сподели своите лични податоци со Samsung, нема да има право на Подарок според оваа промоција,

- дека горенаведениот контролор за собирање лични податоци ќе ги дополни, измени или избрише неговите лични податоци на барање на корисникот доколку се нецелосни, неточни или застарени и доколку нивната обработка не е во согласност со законот,

- дека правна основа за собирање и обработка на лични податоци на корисници е остварувањето на правото на Подарок во рамките на наведената промоција,

- дека личните податоци на клиентот ќе бидат зачувани до крајниот рок за поднесување жалби на клиентите,

- дека покрај подружница Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ Белград, пристап до личните податоци на клиентот заради испорака на Подароци во рамките на наведената промоција ќе има и подизведувачот на Samsung,

- дека, доколку смета дека со неговите лични податоци се работи незаконски, клиентот има право да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на личните податоци во секое време.

**Samsung Electronics Austria GmbH**

**<u>ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ</u>**

**Датум на стапување на сила: Мај 2018.**

Ние, Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ и нашите поврзани лица (во понатамошниот текст: „Самсунг", „ние", „нас", „наше") знаеме колку е важна приватноста на нашиот персонал, добавувачи, купувачи и останатите со кои соработуваље и се стремиме за јасност во врска со тоа како ги собираме, користиме, обелоденуваме, пренесуваме и чуваме личните податоци.

Подолу следат главните прашања кои се опфатени со нашата Политика за заштита на податоци.

1. Делокруг и цел
2. Одговорност за усогласеност
3. Наши обврски
4. Дефиниции
5. GDPR принципи
6. Посебни категории на лични податоци
7. Размена на лични податоци (вклучувајќи пренос надвор од ЕЕП)
8. Профилирање и автоматско одлучување
9. Директен маркетинг
10. Чување на евиденција
11. Поединечни права на субјектите на кои се однесуваат податоците
12. Постапка во случај на нарушување на безбедноста на податоците
13. Овластувања за пристап до податоците
14. Корисни податоци за контакт

Прилог 1: Образец на барање на субјектот на податоците за пристап до податоците

## 1. Делокруг и цел

Оваа политика дефинира правила за заштита на податоците како и правни услови кои мораат да бидат исполнети кога станува збор за собирање, раководење, обработка, чување, пренос и уништување на лични податоци.

Видовите на информации со кои ќе раководиме опфаќаат детали за моментални, претходни и потенцијални членови на персоналот, добавувачите, купувачите и останатите лице со кои комуницираме. Податоците кои се чуваат на хартија или на компјутер подлежат на одредени мерки за правна заштита наведени во Општата регулатива за заштита на податоците (General Data Protection Regulation - „GDPR") и важечкиот/те закон/и за заштита на податоците, кој/и предвидува/ат ограничување во врска со начинот на кој можеме да ги користиме тие информации.

Одржување на највисоки стандарди во нашето раководење со личните податоци претставува и колективна и лична одговорност а оваа политика се применува на тоа како собираме, користиме, чуваме и на други начини обработуваме лични податоци кои ги употребуваме во текот на нашето работење. Таа опфаќа приказ на клучните обврски во врска со податоците кои се применуваат на нас како организација, а кои опфаќаат и очекување од Вас да ја играте својата улога во врска со усогласување.

Оваа политика за заштита на податоци се применува на секој вработен во компанијата Самсунг како и на другиот персонал кои пружаат услуги на компанијата Самсунг (вклучувајќи но неограничувајќи се на изведувачи и агенциски персонал) (заеднички во понатамошниот текст: „**членови на персоналот**"). Од сите членови на персоналот се бара да се сигурни дека ја разбираат оваа политика и да се придржуваат во однос на било кои лични податоци до кој имаат пристап вршејќи ја својата работа.

## 2. Одговорност за усогласеност

Одговорноста за следење на усогласеноста на заштитата на податоците, вклучувајќи придржување до оваа политика има нашиот службеник за заштита на податоци, чии податоци за контакт можат да се најдат на крајот на оваа политика.

Вработените на раководни позиција се одоговорни за усогласеност на заштитата на податоците во рамки на своите тимови.
Доколку сметате дека политиката не е испочитувана кога станува збор за Вашите или личните податоците на други лица, потребно е да го поставите ова прашање со Вашиот непосреден менаџер или со одделението за човечки ресурси или правни прашања.

**3. Наши обврски**

GDPR предвидува казни во значајни износи против огранизацијата која ги крши нејзините одредби. Зависно од видот на прекршокот, на организациите можат да им бидат изречени казни во вредност поголеми од 20 милиони евра или 4% од вкупниот, годишен промет на глобално ниво во претходната финансиска година. Овие казни во високи износи ја зголемуваат изложеноста на ризиците во однос на услогласеноста со заштитата на податоците.

**4. Дефиниции**

Дефинициите кои следат можат да Ви бидат во корист при читање на оваа политика:
**Податоци за кривична евиденција** се информации во врска со кривичните прекршоци и пресудите против одредени лица.

**Податоци за контролорите** се лица или организации кои ја одредуваат целта и начинот на обработка на личните податоци. Тие се одговорни за воспоставување на пракса и политика во согласност со GDPR. Ние сме контролори на сите лични податоци кои се користат во нашето работење. Нашите добавувачи, советници, изведувачи истотака можат да бидат контролори на податоци.

Поимот **Субјект на податоци** за потребите на оваа политика ги опфаќа сите живи поединци чии лични податоци ги чуваме, што вклучува моментални, минати и потенцијални купувачи, добавувачи, агенти, инвеститори како и членовите на нашиот персонал. Субјектот на податоци не мора да биде државјанин или резидент на РепубликаСеверна Македонија . Сите субјекти на податоци имаат одредени законски права во врска со нивните лични податоци.
Поимот лични податоци означува податоци кои се однесуваат на жива личност која може да се идентификува на основа на тие податоци (или на основа на тие податоци или други информации кои ги поседуваме). Личните податоци можат да бидат фактички (како имиња, адреса или датум на раѓање) или може да станува збор за мислење (како оценка за учинокот). Дефиницијата „лични податоци‟ која се користи во GDPR и во важечкиот закон за заштита на податоците е многу широка и овозможува голем опсег на лични идентификатори да бидат класифицирани како лични податоци. Таа опфаќа име, број за идентификација и податоци за локацијата.

**Обработка** е било која активност која опфаќа употреба на лични податоци. Тоа вклучува добивање, користење, следење, бележење или чување на податоци, или спроведување на било која работа или група работи вклучувајќи организирање, менување, поврат, користење, обелоденување, бришење или уништување на податоци. Обработката исто така опфаќа и пренос на лични податоци на трети лица.

**Посебна категорија податоци** (претходно познати како чувствителни лични податоци) опфаќаат информации за расно или етничко потекло на лицето, неговите политички мислења, верски или слични уверувања, синдикално членство, физичко или ментално здравје или состојба или сексуален живот, како и генетски и биометриски податоци, кога се користат за идентификување на поединец.

**5. GDRP принципи**

Било кое лице кое обработува лични податоци мора да постапува во согласност со применливите принципи за добра пракса дефинирани во GDPR, а до кои Самсунг е должен да се придржува.

- Личните податоци ќе ги обработување во согласност со закон, чесно и транспарентно (погледнете го делот „законитост, чесност і транспарентност‟).
- Личните податоци ќе ги собираме за назначени, експлицитни и легитимни цели; нема да ги обработуваме на начин кој не би бил во согласност со тие цели (погледнете го делот „Ограничување на целта и минимизирање на податоците‟).
- Ќе обработуваме лични податоци кои се адекватни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во врска со целата на обработката (погледнете го делот „Ограничување на целта и минимизирање на податоците‟).

- Ќе обезбедиме личните податоци да бидат точни и, каде е неопходно, ажурни; каде податоците се неточни, ќе преземеме се што е потребно за нивно бришење или исправка без одложување земајќи ги во предвид целите за кои се обработуваат податоците (погледнете го делот „Точност").
- Ќе се воздржиме од чување на лични податоци во облик кој дозволува идентификација на поединците на кои се однесуваат во период подолг него што е потребно за целите заради кои се обработуваат (погледнете го делот „Ограничување на чувањето").
- Ќе употребиме соодветни технички и организациони мерки како би обезбедиле сигурност на личните податоци, што ќе вклучува нивна заштита од неовластена или незаконска обработка или случајно губење, уништување или оштетување (погледнете го делот „Интегритет и доверливост").

Следат дополнителни податоци за секој од овие принципи.

### 5.1. Законитост, чесност и транспарентност

Важечкиот/те закон/и за заштита на податоци има/ат за цел не да спречи/ат обработка на лични податоци, туку да обезбеди/ат тоа да се прави чесно и без штетно влијание на правата на субјектот на податоците.

За да личните податоци бидат обработени во согласност со закон, потребно е да биде исполнет еден од законските услови за обработка. Овие услови го опфаќаат следното: субјектот на податоците мора експлицитно и по слободна волја да се согласи на обработката; обработката се бара во согласност со закон, обработката е неопходна заради легитимни интереси на компанијата Самсунг или лица на кои се обелоденуваат податоците (освен доколку тие интереси ги надминуваат интересите или основните права или слободите на поединецот). Пред да почнеме со обработка на личните податоци (пример пред да собереме лични податоци од некое лице), ги разгледуваме нашите податоци за собирање на податоци, како и причината зошто тие податоци ни се потребни. Исто така ја индентификуваме и правната основа која ни овозможува тие информации да ги добиеме и обработиме на законски начин.

На субјектот на податоците во согласност со закон мора да му бидат предочени одредени информации, вклучувајќи (но неограничувајќи се на) кој е контролор на податоците, целта/ите заради која/и се обработуваат податоците, законската основа за обработка на податоците, идентитетите на секоје лице на кое податоци можат да му бидат откриени или пренесени, како и права на субјектот на податоците во однос на неговите лични податоци. Овие информации мораат да бидат достапни преку соодветни известувања за приватност или известувања за чесна обработка на податоците.

### 5.2. Ограничување на целта и минимизирање на податоците

Личните податоци можат да се обработуваат само за специфични потребни за кои субјектот на податоците е известен при првото собирање на податоците, или за било кои други цели изречно дозволени со важечкиот/те закон/и за заштита на податоците. Тоа значи дека личните податоци не можат да се собираат за една цел, а потоа да се користат за друга. Доколку стане неопходно да се промени целта за која податоците се обработуваат, субјектот на податоците ќе биде известен за новата цел пред било каква обработка.

### 5.3. Точност

Личните податоци мораат да бидат точни и ажурни. Информациите кои се погрешни се неточни и затоа е потребно да се преземат чекори заради проверка на точноста на било кои лични податоци на местото на нивното собирање, а истото дополнително да се прави редовно во одредени временски интервали. Неточните или застарените податоци треба да бидат уништени. Кога ќе станете свесни дека личните податоци кои ги обработуваме се неточни, морате да го известите својот менаџер/лице за контакт за обработка на податоци, како и да ги преземете потребните чекори за уништување измена на истите, водејќи сметка за барањата на нашата политика за зачувување на податоците кога е тоа потребно.

### 5.4. Ограничување на чувањето

Личните податоци треба да се чуваат во формат кој не дозволува идентификација на субјектот на податоците подолго него што е потребно за целите за кои податоците се собираат. Тоа значи дека податоците треба да бидат уништени или избришани од нашите системи кога веќе не се потребни, или личните податоците треба да бидат уредени од страна на истите.

По истекот на периодот на зачувување, освен доколку постои оправдана деловна причина за зачувување и по тој период (пример доколку субјектот на податоците покрене парница против нас а зачуваните лични податоци се релевантни за таквата парница), записите кои содржат лични податоци ќе биде елиминирани на сигурен начин и ефективно уништени.

### 5.5. Интегритет и доверливост

Одржување на безбедноста на податоците значи гарантирање на доверливоста, интегритетот и достапноста на личните податоци, во согласност со следните дефиниции:

a) Доверливост значи дека пристап до потатоците можат д аимаат само лица кои се овлстаени да ги корситат податоците.
b) Интегритет значи дека личните податоци треба да бидат точни и да одговраат на целите заради кои се обработуваат, како и постојани во текот на нивниот животен век ( односно неможе да ги менуваат неовластени лица).
c) Достапност значи дека овластените корисници треба да бидат во состаојба да им пристапат на податоците доколку им се потребни заради дозволени цели. Поради таа причина потребно е личните податоци да ги зачуваме на нашиот централен компјутерски систем наместо на поединечни персонални компјутери.

Сигурносните процедури опфаќаат:

a) **Контрола на влез**. Потребно е да се извести за секое непознато лице доколку такво лице биде забележано во деловите со контролиран влез.
b) **Обезбедување на маси и плакари кои се заклучуваат**. МАсите и плакарите треба да бидат заклучени доколку во нив се чуваат доверливи податоци од било кој вид( личните податоци секогаш се сметаат за доверливи)
c) **Методи на уништување**. Документите во хартиена форма треба да бидат исечени. Флопи и ЦД дисковите треба да бидат физички уништени по престанување на потребата од нивно користење.
d) **Опрема.** Вработените на компаниајта Самсунг треба да се погрижат за тоа да не се појавуваат доверливи податоци на поединените екрани во присуство на минувачи, како и да се одјават од својот компјутер кога истиот е без надзор.

## 6. Поединечни категории на лични податоци

Периодично можеби ќе биде потребно да обработиме поединечни категгории на лични податоци.

Посебните категории на лични податоци ќе ги обработуваме само кога ќе имаме законска основа за нивна обработка ( види го дел 5 од овие Политики) и кога се применува еден од посебните услови за обработка на податоците од посебните категории. Овие посебни услови ги опфаќаат, но не се ограничуваат на следните случаи кога:

a) Субјектот на податоците има дадено изрична согласност.
b) Обработката е неопходна за потребите на искористување на правата или обврските на компанијата Самсунг или на субјектот на податоците во согласност со законот за работни односи.
c) Обработката е неопходна заради заштита на виталните интереси на субјектот на податоците, а субјектот не е физички во можност да даде согласност.
d) Обработката се однесува на лични податоци кои субјектот на податоците ги има јавно објавено.
e) Обработката е неопходна за воспоставување, користење или одбрана на законити барања.
f) Обработката е неопходна заради заштита на значен јавен интерес.
g) Обработката е неопходна заради оцена на работната способност на вработениот.

Поединечните категории на лични податоци нема да бидат обработени пред:

a) Да биде спроведена горeспоменатата процена и

b) Личноста на која се однесуваат личните податоци да биде соодветно известена ( преку известување на приватност или на друг начин) за природата на обработката, за целите поради кои се врши истата и за правниот основ.

**7. Поделба на личните податоци ( вклучувајќи и пренос надвор од ЕЕП)**

Личните податоци може да се пренесат само на трети даватели на услуги кои прифаќаат да се придржуваат на потребните политики и процедури како на било кои релевантни договорни одредби и кои се согласни да применат адекватни мерки, во согласност со барањата.
Личните податоци може да се делат со друг член на нашата група ( што вклучува и наши поврзани лица, како и нашата крајна холдинг компанија, заедно со нејзините испоставки) доколку примачот има потреба за информациите од причина која е поврзана со работата, т.е доколку преносот е во согласност со важечките ограничувања за прекуграничниот пренос на податоци ( види подолу).

Законите кои се однесуваат на заштита на податоците ограничуваат пренос на истите надвор од државите на европкиот економски простор ( понатаму само "ЕЕП") со цел да се осигура дека неопходното ниво за заштита на податоците нема да се загрози. Личните податоци кои се настанати во една држава ги пренесувате преку граница кога ги пренесувате, испраќате или им пристапувате на тие податоци во друга држава или од друга држава. Потребно е да се побара посебна дозвола од локалното одделение за правни работи/ канцеларијата за заштита на лични податоци пред да се пренесат личните податоци преку граница со цел да биде можно да се провери дали се задоволени неопходните услови.

**8. Профилирање и автоматско одлучување**

Постојат значителни ограничувања на околностите под кои можат да се донесат автоматски одлуки за поединците ( кога одлуката се донесува исклучиво автоматски без било какво учество на луѓе). Ова е случајот кога станува збор за профилирање ( тоа е обработка на личните податоци поради вреднување на одредени работи поврзани за поединците, на пример, да ли би можело да му се допаѓа одреден производ).
Овој тип на донесување на одлуки може да се примени само кога е тоа неопходно за реализација на договор, кога е тоа дозволено со закон, или во случаи кога поединецот дава своја изрична согласност. Покрај тоа, поединците имаат право да добиваат информации за донесување на одлуки, а имаат и одредени права кои мора да им бидат доставени, вклучително правото дека е потребна човечка интервенција или да се оспори одлука, а на сила се строги ограничувања во врска со употребата на посебни категории на податоци за овој тип на одлучување.
Во секој случај, секоја активност на профилирање ќе се обработува целосно во согласност со секој важечки закон.

**9. Директен маркетинг**

Ги почитуваме строгите барања за заштита на личните податоци кои се поврзани со директниот маркетинг.

**10. Чување на евиденција**

Важно е да бидеме во состојба да покажеме дека се придржуваме до принципите за обработка на податоците. Кога е тоа потребно, водиме соодветна евиденција во врска со нашето постапување со личните податоци. Поконкретно таа евиденција може да ги опфаќа нашите законски основи за обработка на личните податоци, евиденција на податоците кои им се праќаат на субјектите на податоци, како и евиденција за нашата обработка на личните податоци.

**11. Поединечни права на субјектите на кои се однесуваат податоците**

Податоците мора да бидат обработени во согласност со правата на субјектите на тие податоци. Субјектите имаат право :

a) Доколку се согласиле за обработка на податоците, да ја повлечат согласноста за обработка во било кое време ( а тоа мора да им биде подеднакво лесно како што било и самото давање на согласноста).
b) Да им се дадат јасни, транспарентини и лесно разбирливи информации за тоа како се користат нивните лични податоци ( од таа причина даваме известување на поликитте за приватност).

c) Да побараат пристап до било кои податоци кои за нив ги има контолорот на податоците.
d) Да побараат измена и исправка на неточните податоци.
e) Да побараат бришење на податоците кои ги има за нив контролорот на податоците штом бидат исполнети законски предвидените услови.
f) Да побараат ограничување на обработката штом бидат исполнети законски предвидените услови.
g) Да побараат пренесување на личните податоци на друг контролор штом бидат исполнети законски предвидените услови.
h) Да поднесат приговор на обработувањето на личните податоци штом бидат исполнети законски предвидените услови.
i) Да не подлежат на одлука која е заснована само на автоматска обработка, вклучувајќи и профилирање, кога ова со себе носи законски или други значајни последици за нив, освен ако изрично се сложиле со тоа, или кога е тоа неопходно за пристапување кон или реализација на договор со нив.
j) Да поднесат жалба со надзорното тело за информации од јавен карактер и заштита на личнитте податоци, а во врска со нашата обработка на податоците, наведувајќи детали кои следат, иако ние ги поттикнуваме субјектите на податоците да не известат за нивната загриженост, со цел да се обидеме да го решиме тоа.

Кога знаете дека субјектот на податоците сака да искористи било кое од своите права, потребно е да се обратите со Канцеларијата за правни прашања/ за заштита на личните податоци. Постои можност дека ќе биде потребно да се превземат соодветни чекори со цел идентификација на личноста која го поднела барањето.
Формално барање за пристап до податоците од страна на субјектот на податоците (подносител на барањето) за информациите кои ги има за нив Огранак Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ може да биде поднесено во пишана форма, со користење на Прилог 2 ( образец за Барање на субјектот на податоците за пристап до податоците). Меѓутоа, барањата од субјектите на податоците за пристап до податоците немора да бидат формални или во пишана форма (можат на пример да се поднесат прку социјалните медиуми или по телефон). Секој член на персоналот кој ќе го прими барањето ( без оглед во која форма е поднесено) треба веднаш истото да го проследи до одговорното лице за заштита на личните податоци и/или тимот за правни прашања и усогласеност. Доколку имате недоумица дали е поднесено барањето, потребно е да ги разгледате околностите со некој од нив.

Одговорното лице за заштита на личните податоци ќе одговори на секое барање во рок од 30 дена сметано од приемот, со одредени исклучоци ( доколку законот предвидува покус рок, во тој случај ќе се примени покусиот рок). Доколку Самсунг не е во можност да ги даде бараните лични податоци, причините за тоа ќе бидат целосно документирани и субјектот на податоците ќе биде известен за тоа во писмена форма. Истотака на субјектот на податоците ќе му бидат доставени информации за належниот надзорен орган до кого може да се поднесе жалба, во согласност со важечките закони за заштита на личните податоци.

## 12. Постапка во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци

Нарушување на безбедноста на податоците е "нарушување на безбедноста кое доведува до случајно или намерно уништување, губење, измена, неовлстено објавување или друга обработка". Нарушувањето не значи нужно дека личните податоци се надворешно објавени без релевантно овластување, туку може да значи дека некој им пристапил интерно без соодветна авторизација.
Наша обврска е да го известиме релевантното регулаторно тело за одредени нарушувања на безбедноста на податоците, а во исклучителни случаи , самиот субјект на податоците.

## 13. Овластувања за пристап до податоците

Овластување за пристап до податоците кои ги собира и/или ги користи Огранак Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ има се дава само на следните лица:

- За личните податоци собрани преку веб страниците кои се регистрирани за специфични цели за маркетинг:

- На овластените законски застапници на компанијата Самсунг Елецтроницс Аустриа ГмбХ, Подружница Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ Белград
- На менаџерите за маркетинг чии работни обврски опфаќаат управување со личните податоци кои се собираат за специфични цели за маркетинг

**14. Корисни податоци за контакт**

Службата за заштита на личните податоци можете да ја контактирате на:
Самсунг Елецтроницс Аустриа ГмбХ, Подружница Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ Белград, Омладинских бригада 90В, Република Србија
Email: Ве молиме да не контактирате со испраќање на маил на следната адреса
dataprotection.sead@samsung.com

**Прилог 1**

**Образец на Барање на субјектот на податоците за пристап до податоците**

| **Дел 1- Личност на која се однесуваат податоците ( субјект на податоците)**<br>***Оваа информација се бара единствено со цел да можеме да Ве идентификуваме со точност, т.е да Ве контактираме во врска со Вашето барање*** | | | |
|---|---|---|---|
| Титула | Г-дин [] Г-ѓа [] Г-ца [] Друго_______ | | |
| Презиме | | Име | |
| Моминско презиме /Претходно име | | | |
| Дата на раѓање | | | |
| Адреса на живеење | | | |
| Поштенски број | | Тел. број | |
| Како доказ за идентитетот субјектот на податоците доставува копија од една од следните исправи:<br><br>Извод од МКР [] Возачка дозвола [] Пасош<br>Доколку ниту една од наведените исправи не е достапна, Ве молиме да го контактирате Вашиот службеник за заштита на личните податоци, како би Ве известил да други прифатливи начини за идентификација. | | | |
| **Дел 2 – Дали побараните податоци се однесуваат на Вас ( дали сте Вие субјектот на податоците)?** | | | |
| Не, информациите не се однесуваат на мене (одете на дел 3)<br>Да, информациите се однесуваат на мене (одете на дел 4) | | | |
| **Дел 3- Лице (застапник) кое постапува во име на субјектот на податоците**<br>***Оваа информација ја бараме со цел да провериме дали имате право да пристапувате до релевантните лични податоци во име на субјектот на податоците*** | | | |
| Титула | Г-дин [] Г-ѓа [] Г-ца [] Друго_______ | | |
| Презиме | | Име | |
| Адреса | | | |
| Поштенски број | | Тел.број | |
| Во каков однос сте со субјектот на податоците ? (на пр. Родител, старател, законски застапник) | | | |
| Дали имате законско овластување да барате информации за субјектот на податоците Да [] Не [] | | | |
| Приложете доказ дека поседувате законско овластување да постапувате во име на субјектот на податоците во некој од следните облици:<br><br>Документ за овластување [] Трајно полномошно []<br><br>Доказ за родителска одговорност [] Друго (наведете детално) | | | |
| Приложете доказ дека сте Вие лицето кое е овластено да постапува во име на субјектот на податоците со доставување на една од следните исправи:<br><br>Извод од МКР [] Возачка дозвола [] Пасош[]<br>Доколку ниту една од наведените исправи не е достапна, Ве молиме да го контактирате Вашиот службеник за заштита на личните податоци, како би Ве известил да други прифатливи начини за идентификација. | | | |
| **Дел 4 – Податоци за информациите кои се бараат** | | | |

| | | |
|---|---|---|
| Ве молиме да ни помогнете да постапуваме со вашите податоци брзо и ефикасно, така што ќе ни дадете што повеќе можно детали за податоците кои ги барате. Доколку е возможно, ограничете го Вашето барање на одредена услуга, временски период или настан. Доколку е потребно, продолжете да пишувате за овој дел на посебен лист. | | |
| Информации кои се бараат: | | |
| Бараниот податок опфаќа | Од: | За: |
| Релевантни податоци кои ни се потребни за лоцирање на информациите ( адреса од тоа време, услуга или оддел, име на претходните контакти, било каква референтна информација за досието -доколку е позната итн.) | | |

| | |
|---|---|
| **Дел 5 – Пристап до податоците** | |
| Дали сакате да | Ги прегледате податоците []<br>Ви се достави копија [] |
| Копиите доколку ги барате да бидат | Испратени до субјектот на податоците []<br>Испратени до Вас []<br>Превземени [] |
| Дали имате било каква посебна потреба во текот на прегледување на податоците или во кој формат сакате да ги прегледате? | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дел 6 – Изјава** | | | |
| Потврдувам дека податоците дадени во овој образец се точни. Разбирам дека Самсунг е обврзан да провери доказ за идентитетот/ овластување и дека постои можност да биде потребно прибавување на дополнителни информации со цел услогласеност со ова барање на субјектот за пристап до податоците | | | |
| Име | | | |
| Потпис | | Дата | |

**Дел 7 – Пред да го поднесете овој образец , Ве молиме да проверите дали:**

[] доставувате доказ за идентитетот на личноста на која се однесуваат податоците? (субјект на податоците) (видете дел 1)
[] доставувате доказ дека имате овластување за постапување во име на субјектот на податоците? (видете дел 3)
[] доставувате доказ за Вашиот идентитет доколку постапувате во име на субјектот на податоците? (видете дел 3)
[] имате доволно податоци на основа на кои можеме да ги лоцираме информациите кои ги барате? (видете дел 4)
[] доставувате потпишана и датирана изјава (видете дел 6)
[] ги пополнивте сите полиња: (дел 3 го пополнува само лицето кое постапува во име на субјектот на податоците)

По пополнување на образецов за пријава, Ве молиме проверете дали се сите информации кои ги давате точни, т.е. дали се приложени сите потребни документи.
Ве молиме образецот за пријава да го доставите до:
**Службеникот за заштита на лични податоци**
**подружница Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ Белград**
**Омладинских бригада 90В, Белград**
**Република Србија**